**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-205/9 од 29.6.2026 година донесена на 360. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на ден 29.6.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на **насловен доцент/насловен вонреден професор** за **наставно-научната област *хирургија (3.02.00.27) - еден извршител на Факултетот за медицински науки*** при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Илија Милев, вонреден професор за наставно-научна област хирургија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип – претседател;
- проф. д-р Стефан Петровски, вонреден професор за наставно-научна област хирургија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип – член;
- проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, вонреден професор за наставно-научна област хирургија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха” на 15.6.2026 година. Во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- **насл. доц. д-р Ристо Симеонов, доктор на науки од научната област хирургија и специјалист по детска хирургија.**

Доставената пријава ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот д-р Ристо Симеонов, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите потребни документи односно:

- Диплома за завршено соодветно образование (трет циклус на студии) од научната област – хирургија;
- Диплома за завршен Медицински факултет (прв и втор циклус студии);
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии;
- Уверение за положен специјалистички испит по детска хирургија;
- Потврда за познавање на странски јазик (англиски јазик);
- Уверение за државјанство не постаро од 6 месеци;
- Кратка биографија;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден печатен примерок од трудовите.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Насл. доц. д-р Ристо Симеонов** е роден на 9.3.1972 година во Скопје. Основно и средно медицинско образование завршува во Скопје со континуиран одличен успех. Своето понатамошно образование го продолжува на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде

што се запишал во учебната 1990/1991 година и дипломирал на 23.9.1997 година со просечен успех 8.03. Положувајќи го државниот стручен испит на ден 27.10.1998 се стекнува со титула доктор по општа медицина.

Во текот на студирањето редовно учествувал на бројни домашни како и студентски конгреси по медицина во странство, со свои оригинални трудови како автор и коавтор. По дипломирањето и положениот државен стручен испит, кандидатот насл. доц д-р Ристо Симеонов се вработува на ЈЗУ УК за Детска хирургија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Започнал специјализација по детска хирургија во 2000 година, каде што по положување на специјалистичкиот испит на 19.4.2004 година се стекнал со звање специјалист по детска хирургија. Од започнување на работен стаж на 7.11.1998 година до 5.11.2018 година работи на позиција специјалист по детска хирургија при ЈЗУ УК за Детска хирургија при Медицински факултет - УКИМ Скопје, каде што во еден мандат бил и директор на Клиниката за детска хирургија. Важи за еден од водечките специјалисти на клиниката, каде што во 2009 година прв ќе ја направи правата трансплантација на бубрег кај дете во државата.

Од 6.11.2018 година е вработен во ПЗУ Клиничка болница „Аџибадем Систина“ на работна позиција специјалист по детска хирургија, каде што во моментов е актуелен раководител на Одделот за детска хирургија.

Во 2015 година се запишува на трет циклус студии на Школата за докторски студии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет на студии по клиничка медицина – област хирургија.

Во 2017 година ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „Споредба на класичната со лапароскопската апендектомија во детска возраст“ и станува доктор на медицински науки од областа на хирургијата.

Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов поседува научна степен насловен доцент и е активно вклучен во наставниот процес на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип од повеќе студиски програми. Насл. доц. д-р Симеонов е активен ментор на специјализанти по хирургија, како и ментор на додипломски студии.

Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е акредитиран испитувач за полагање на државен стручен испит при Лекарската комора на РСМ. Член е на повеќе домашни и странски хируршки здруженија – EUPSA, WOFAPS. Член на Лекарска комора на РСМ, Лекарско друштво на РСМ, Здружение на детски хирурзи на Македонија, каде што е актуелен претседател.

**Наставна дејност**

Со Одлука бр. 2002-182/35 од 2.6.2021 година, донесена на 259 редовна седница на ННС при УГД Штип е избран за насловен доцент за наставно научната област хирургија (30309). Оттогаш е активно вклучен во додипломска теоретска и практична настава по предметот Хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на повеќе студиски програми. Активно е вклучен како ментор и едукатор на специјализанти по Општа хирургија кои се на специјализација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Научна дејност**

Во 2015 година се запишува на трет циклус студии на Школата за докторски студии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет на студии по клиничка медицина – област хирургија. Во 2017 година ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „Споредба на класичната со лапароскопската апендектомија во детска возраст“ и станува доктор на медицински науки од областа на хирургијата.

Насл. доц. д-р Ристо Симеонов е автор и коавтор на 29 апстракти, презентирани на домашни и меѓународни конгреси како и 23 стручни трудови објавени во домашни и странски списанија. Во последните пет години има публикувано 6 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во домашни и странски списанија.

**ЗАКОНСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

**Општи услови за избор**

1. Д-р Ристо Симеонов е доктор на науки, специјалист по детска хирургија и неговата научноистражувачка работа е главно фокусирана на комплексни хируршки заболувања од областа на детската и неонаталната хирургија со посебен акцент кон минимално инвазивен пристап кон нивниот третман како и педијатриска онколошка хирургија;
2. Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) од 8.03 и завршена специјализација по детска хирургија;
3. Научен степен-доктор на науки од областа на хирургијата;
4. Има доставено сепарати од сите негови објавени научни трудови во соодветната област;
5. Има сертификат за владеење со англиски јазик;
6. Има способност за изведување на високообразовна дејност;
7. Има потврда за државјанство на Република С. Македонија.

Во овој извештај се евалуирани трудовите на насл. доц д-р Ристо Симеонов публикувани во последните пет години.

Научните трудови со кои насл. доц. д-р Ристо Симеонов ги исполнува законските критериуми за избор во звањето насловен доцент/насловен вонреден професор:

| Р. бр. | Автори | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Simeonov R**, Aleksovski Z, Angjelov M, Jovcheski L, Simeonova K**,** Jordanovska N, Petkovska S. | A newborn with double atresia: esophageal with distal tracheoesophageal fistula followed by concomitant anal atresia: a case report. | Academic Medical Journal<br>June 2026<br>Vol. 6 No. 2<br>p.162-169.<br>ISSN 2671-3853 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Aleksovski Z, Angjelov M, **Simeonov R**, Jovcheski L, Simeonova K, Jordanovska N, Petkovska S. | Subcutaneous endoscopically-assisted ligation as a surgical choice for right-sided inguinal hernia in a 2.5-year-old female child: a case report. | Academic Medical Journal June 2026 Vol. 6 No. 2 p.170-174. ISSN 2671-3853 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2021 |
| 3. | Jovcheski L, **Simeonov R**, Aleksovski Z, Angjelov M, Simeonova K, Jordanovska N, Petkovska S. | Epithelial hepatoblastoma in a male infant with Beckwith-Wiedemann syndrome: a challenging case report. | Academic Medical Journal June 2026 Vol. 6 No. 2 p.180-186 ISSN 2671-3853 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2021 |
| 4. | Toni Risteski, Rozeta Sokolova, Shaban Memeti, **Risto Simeonov** | Laparoscopic versus open appendectomy in pediatric patients: Operative and postoperative experience | Journal of clinical trials and experimental investigations Vol. 1 No.2 2022 p.49-55 ISSN 2822-5090 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 2022 |
| 5. | Pavlina Dzekova-Vidimliski, Igor G. Nikolov, Nikola Gjorgjievski, Gjulsen Selim, Lada Trajceska, Ana Stojanoska, Irena Rambabova-Bushljetik, **Risto Simeonov,** Ljupco Stojkovski | Peritoneal dialysis-related peritonitis: rate, clinical outcomes and patient survival | Contributions. Sec. Of med. Sci., XLII 3, 2021 p.47-55 ISSN 1857-8985 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 1969 |
| 6. | Natasha Aluloska, Snezhana Palchevska, **Risto Simeonov**, Zoran Gucev, Velibor Tasic | Posterior urethral valve and prenataly resolved multicystic dysplastic kidney | Contributions. Sec. Of med. Sci., XLII 1, 2021 p.77-81 ISSN 1857-8985 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор 1969 |

**Посебни услови за избор во звање**

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од доставените биографски и библиографски податоци на насл доц. д-р Ристо Симеонов, очигледно е дека тој учествувал активно на голем број обуки, работилници, конгреси и семинари од областа на хирургијата, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, кандидатот се стекнал со искуство и вештини за примена на здобиените практични знаења. Како едукатор бил активно вклучен во едукацијата на голем број специјализанти по општа и детска хирургија.

Насл. доц. д-р Ристо Симеонов е искусен професионалец во својата област, со 22 години специјалистички стаж. Автор и коавтор е на бројни трудови објавени во референтни научни списанија, како и трудови презентирани на научни и стручни собири во земјава и во странство. Член е на медицински организации во земјава и во странство.

Како автор/коавтор на стручно-научни трудови има одржано свои презентации на конгреси и симпозиуми од меѓународен и републички карактер. Активен поканет пленарен предавач и е на редовните студентски конгреси и симпозиуми. Автор или коавтор е на 29 научни апстракти, 23 научни труда и коавтор на поглавјето Детска хирургија во учебникот по

Специјална хирургија, за специјализанти по општа хирургија и студенти по општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2026 година.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Ристо Симеонов е активно вклучен во стручно-апликативната работа како детски хирург во ПЗУ КБ „Аџибадем Систина“ во Скопје на позиција раководител на Оддел за детска хирургија. Важи за еден од водечките специјалисти кој прв ја има воведено лапароскопската апендектомија кај деца – златен стандард во начинот на лекување. Во 2009 година ќе стане првиот специјалист кој ќе направи ренална трансплантација кај дете. Важи за исклучителен специјалист детски хирург и посветен лекар кој работи во полето на детската и неонаталната хирургија. Насл. доц. д-р Ристо Симеонов е актуелен национален координатор за здравство во Владата на Република С. Македонија.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор во звање насловен вонреден професор (публикувани во последниве 5 години).**

***<u>Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:</u>***

1. **Simeonov R,** Aleksovski Z, Angjelov M, Jovcheski L, Simeonova K, Jordanovska N, Petkovska S. A newborn with double atresia: esophageal with distal tracheoesophageal fistula followed by concomitant anal atresia: a case report. Acad Med J. 2026 Jun 18;6(2):162-9. doi:10.53582/k2t0hb12.

Конгениталните аномалии во неонаталната возраст претставуваат сериозен предизвик за искусните неонатални хирурзи. Во трудот се опишува модерен третман и современ начин на постоперативна нега кај новородено со двојна атрезија, како и консектувна анална атрезија. Начинот, третманот, како и постоперативната евалуација се детално опишани во самиот труд. Во трудот дополнително се анализирани психо-социјалните и емоционалните влијанија предизвикани од комплексноста и тежината на патологијата на клиничкиот случај, анализирани кај родителите.

2. Aleksovski Z, Angjelov M, **Simeonov R,** Jovcheski L, Simeonova K, Jordanovska N, Petkovska S. Subcutaneous endoscopically-assisted ligation as a surgical choice for right-sided inguinal hernia in a 2.5-year-old female child: a case report. Acad Med J. 2026 Jun 18;6(2):170-4. doi:10.53582/1a5h7551.

Современите хируршки техники го следат модерниот тренд на нови, помалку инвазивни и прифатени техники за хируршко решавање на ингвиналните херниии кај деца. Во трудот е опишана современа и модерна техника за субкутано-ендоскопски асистирана техника за хируршки третман на ингвинална хернија кај 2,5-годишно девојче. Претставени и детално се анализирани и методот, техниката, како и постоперативната евалуација и клиничко постоперативно следење кај пациентката.

3. Jovcheski L, **Simeonov R,** Aleksovski Z, Angjelov M, Simeonova K, Jordanovska N, Petkovska S. Epithelial hepatoblastoma in a male infant with Beckwith-Wiedemann syndrome: a challenging case report. Acad Med J. 2026 Jun 18;6(2):180-6. doi: 10.53582/ve2gtt91

Онколошката детска хирургија претставува поле со најкомплексен пристап како и современ начин на лекување на пациентите во детската

онколошка хирургија. Во трудот е приказ на случај, со акцент на редок случај на епителијален хепатобластом кај машко дете со Beckwith-Wiedemann синдром. Детално се обработени, етиологијата, клиничката слика, испитувањата, современиот хируршки третман, лабораториските анализи, како и постоперативниот понатамошен третман. Дополнителен акцент е ставен во дискусијата и влијание на дијагноза-малигна болест кај пациент со одреден генетски синдром. Анализирани се актуелни студии за импактот на емоционално-психичките влијанија кај родителите на пациентот, засегнати од специфичната ретка и предизвикувачка патологија.

4. Risteski T, Sokolova R, Memeti S, **Simeonov R**. Laparoscopic versus open appendectomy in pediatric patients: operative and postoperative experience. J Clin Trials Exp Investig. 2022 Sep 22;1(2):49-55. Available from: https://jctei.com/index.php/jctei/article/view/21

Трудот претставува аналитичката студија на пресек спроведена на Универзитетската клиника за детска хирургија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Северна Македонија, во периодот 2015–2022 година. Примерокот на студијата опфатил 184 хоспитализирани педијатриски пациенти на возраст од 4 до 14 години, третирани со лапароскопска (ЛА) или отворена апендектомија (ОА). Анализираните податоци ги вклучуваа демографските карактеристики, како и одредени оперативни и постоперативни параметри. Просечната возраст на децата во групата со LA (лапароскопска операција) наспроти групата со ОА (отворена операција) изнесуваше 9,63 ± 2,70 години (минимум/максимум: 4/14), односно 9,16 ± 2,91 години (минимум/максимум: 2/14). Постоперативни компликации беа забележани кај 1 (0,90 %) пациент од групата со LA и кај 3 (4,11 %) пациенти од групата со ОА, без статистички значајна поврзаност. Аналгетичка терапија примија 57 (51,35 %) деца од групата со LA и сите деца од групата со ОА. Конверзија од LA во ОА се случи кај само 1 (0,54 %) дете. Проценката на родителите/старателите во однос на задоволството од естетскиот изглед на лузната покажа значително повисоко ниво на задоволство од лузната по LA интервенцијата во споредба со ОА интервенцијата. Утврдено е дека лапароскопската апендектомија е изводлива и споредлива со отворениот пристап во однос на времетраењето на операцијата, а притоа нуди предности во поглед на постоперативната болка, времетраењето на болничкиот престој и побрзото нормализирање на функцијата на цревата. Станува збор за безбеден пристап кај сите видови апендицитис, со севкупно подобар профил на компликации во споредба со отворениот пристап.

5. Dzekova-Vidimliski P, Nikolov IG, Gjorgjievski N, Selim GJ, Trajceska L, Stojanoska A, Rambabova-Bushljetik I, **Simeonov R**, Stojkovski LJ. Peritoneal Dialysis-Related Peritonitis: Rate, Clinical Outcomes and Patient Survival. *Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki)*. 2021;42(3):47-55. Published 2021 Dec 30. doi:10.2478/prilozi-2021-0034

Акутното воспаление на перитонеалната мембрана претставува главна компликација на перитонеалната дијализа во третманот на болните со хронична бубрежна болест. Целта на студијата беше да се анализира ратата на акутни перитонити, етиологијата, исходот и нивната асоцијацијата со преживувањето на пациентите на перитонеална дијализа (ПД). Дизајн на студијата: ретроспективна епидемиошка студија. Во Одделот за перитонеална

дијализа на ЈЗУ Клиника за нефрологија, од 1 јануари 1999 година до 31 декември 2018 година, вкупно се лекувани 96 пациенти со перитонеална дијализа. Вкупно 159 акутни епизоди на перитонит се регистрирани кај 54 (56,3 %) од лекуваните пациенти. Пациентите беа поделени во две групи: група од 54 пациенти со дијагностицирана минимум една епизода на акутен перитонит и група од 42 пациенти кај кои не е регистрирана ниту една епизода на акутен перитонит. Ратата на перитонити беше 0,47 епизоди по пациент годишно. Најчести етиолошки причинители на перитонитите беа грам-позитивните бактерии (53,5 %). Клиничкиот исход од епизодите на перитонит беше: целосна резолуција на инфекцијата кај 84,9 % од епизодите, присутна индикација да се извади катетерот за перитонеална дијализа кај 11,3 % од епизодите и смртен исход кај 3,8 % од епизодите на акутен перитонит. Kaplan–Meier статистичката анализа на преживување покажа дека групата пациенти со акутни перитонити се одликуваат со сигнификантно подолго преживување во споредба со групата пациенти без перитонити. Ризикот за смртност беше помал за 67 % во групата на пациенти со перитонити во споредба со групата пациенти без перитонити (стапка на опасност: 0,33, 95 % CI 0,19–0,57, P = 0,000). Превенцијата и третманот на инфекциите асоцирани со перитонеалната дијализа доведоа до намалување на нивната рата во светски рамки, со што се промовира перитонеалната дијализа како прв избор на модалитет за дијализно лекување на болните со хронична бубрежна болест.

6. Aluloska N, Palchevska S, **Simeonov R,** Gucev Z, Tasic V. Posterior Urethral Valve and Prenataly Resolved Multicystic Dysplastic Kidney. *Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki)*. 2021;42(1):77-81. Published 2021 Apr 23. doi:10.2478/prilozi-2021-0006

Мултицистичниот диспластичен бубрег е ретка конгенитална аномалија на бубрезите и на уринарниот тракт. Асоцијацијата на оваа аномалија со валвула на задната уретра е уште поретка. Во овој труд презентиран е пациент со овие две аномалии и со пренатална резолуција на цистите. Доенче на возраст од 10 недели беше упатено за нефролошка-уролошка обработка, поради пренатално дијагностициран мултицистичен лев бубрег. Во текот на бременоста направени се повеќе ултразвучни прегледи со наод на мултицистичен диспластичен лев бубрег. Непосредно пред раѓањето реализиран е ултразвучен преглед на кој цисти на левиот бубрег не се видени (пренатална резолуција). Пациентот нема екстраренални аномалии. Првиот постнатален ултразвучен преглед покажа десен бубрег со нормална големина и без дилатација на уринарниот тракт. Ѕидот на мочниот меур беше со нормална дебелина. Скенот со техникциум99м димеркаптосукцинилна киселина не покажа никаква активност на левата страна, десниот бубрег изгледаше нормално. На возраст од две месеци добиен е податок за слаб млаз на урина при мокрење, поради што е индицирана дополнителна уролошка обработка. Реализирана е микциска уретроцистографија со наод на валвула на задна уретра, по што беше реализирана ресекција на валвулата. Презентирана е ретка асоцијација на две конгенитални аномалии на бубрезите и на уринарниот тракт, со пренатална инволуција на мултицистичен диспластичен бубрег, што е екстремно ретко. Клиничарите треба да се посомневаат на валвула на задна уретра кај доенчиња со тенок и прекинат млаз на урина дури и кога ултразвучниот наод на мочниот меур е уреден.

**Соопштенија/постер-презентации на научноистражувачки собири (конференции/работилници)**

Насл. доц. д-р Ристо Симеонов има учествувано со трудови на меѓународни конгреси, како и учества на стручни состаноци, семинари, курсеви и работилници на здруженија од областа на детската хирургија во земјава и во странство.

Има реализирано повеќе едукации и стручни престои во странство:

7. 2026 година, јуни, во Истанбул, Турција, завршува курс за интензивна роботска хирургија во детската и неонаталната возраст;
8. 2026 година во мај, Виена, Австрија, активен учесник на 33. Интернационален собир на Педијатриски колроектален клуб (проф. Прем Пури);
9. 2026 мај, Струга, Активен пленарен предавач на 1. Конгрес организиран од ПАГНИА и ЗНМ, „Мултидисциплинарен пристап за здраво детство наша заедничка грижа од првиот ден“;
10. 2025 година, ноември, Романија, активен учесник на 2. Конгрес организиран од Романското здружение на детски хирурзи со BAPSAN (Балканската асоцијација на мрежа на здруженија на детски хирурзи);
11. 2025 година, ноември, Марибор, Словенија, Активен пленарен учесник на 2. Конгрес организиран од Словенечкото здружение на детски хирурзи;
12. 2025 година, октомври, учествува на Четвртиот Светски самит за педијатрија и ментално здравје кај деца во Дубаи (ОАЕ), каде што презентира исклучителен редок случај на хируршки третман во неонатална возраст;
13. 2025 г. октомври, Стокхолм, Шведска, Каролинска 16. состанок за Европската педијатриска колоректална и пелвична реконструкција, активен пленарен предавач;

- 2024 година ноември, Кападокија, Р. Турција, Активен пленарен предавач – неонатална хирургија на 41. Годишен конгрес на Турското здружение на детски хирурзи и 27. Годишен конгрес на Турско здружение на асоцијацијата на педијатриски хируршки медицински сестри;
- 2024 година, август, Скопје, Македонија, организира Курс поддржан од EUPSA на тема Updates in Neonatal surgery. Домаќин на дводневен курс каде што предавачи биле реномирани и светски познати специјалисти од детската и неонаталната хирургија;
- 2023 година октомври, Белград, Србија, учесник – активен постер предавач на 5. Меѓународен конгрес за детска хирургија организиран од Здружението на детски хирурзи на Србија;
- Во 2005 година, Мансура Египет, активно учество на првата Интернационална педијатриско-уролошка работилница (проф. Енеин);
- Во 2005 година, Грац, Австрија, активно учество на 2. Интернационална работилиница и хируршки курс „Pectus Excavatum“ (проф. Холварт);
- 2004 година во Белград, Република Србија, учество на тридневна интензивна курс/работилница за третман на ано-ректални аномалии (проф. Пења).

**Докторска дисертација и специјалистички труд**

- **Ристо Симеонов (2017) „**Споредба на класичната со лапароскопската апендектомија во детска возраст“, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

- **Ристо Симеонов (2004) –** Успешно одбранет специјалистички испит на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Ристо Симеонов е активно вклучен во стручно-апликативната дејност во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ како специјалист детски хирург, воедно и раководител на Одделот за детска хирургија.

Особена важност и внимание посветува на примена на минимално-инвазивната хирургија во детската и неонаталната возраст. Актуелно ги следи сите нови сознанија и техники коишто се тренд и актуелни новини во педијатриската хируршка дејност.

14. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е акредитиран испитувач при Лекарската комора на РСМ за стручен испит на доктори на медицина за стекнување со основна лиценца.
15. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов во еден мандат бил член на Второстепен судски совет на Судот на честа при Лекарска комора на РСМ.
16. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е член на Лекарска комора на РСМ.
17. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е член на Лекарско друштво на РСМ.
18. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е член на Европското здружение на детски хирурзи (EUPSA).
19. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е член на Светската асоцијација на здруженија на детски хирурзи (WOFAPS).
20. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е претседател на Здружение на детски хирурзи на Македонија.
21. Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов е национален координатор за здравство при Влада на Република С. Македонија.

Кандидатот насл. доц. д-р Ристо Симеонов има објавено 29 научни апстракти, презентирани на домашни и странски конгреси, автор/коавтор на 23 научни труда како и коавтор на учебникот по специјална хирургија 2026 година при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Ристо Симеонов, доктор на науки и специјалист по детска хирургија, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на насловен доцент/насловен вонреден професор од областа на хирургија (3.02.00.27).

Кандидатот професионално се занимава со хируршка дејност 22 години, при што неговата научноистражувачка дејност е главно фокусирана во минимално инвазивни хируршки пристапи и лекувања во детската и неонаталната хирургија.

Потесно поле на интерес во кое кандидатот постигнал забележителен успех претставува трансплантациската хирургја, како и минимално инвазивна лапароскопска хирургија и роботска хирургија-современи методи кои активно се користат во детската хирургија и претставуваат современи хируршки решенија за брза и прецизна дијагностика на заболувањата во детскиот и неонаталниот период од животот.

Стручно-апликативните методи кандидатот ги користи и променува во сите научно-истражувачки трудови од каде преку нив ги добива крајните резултати на испитувањата/приказите на случаи. Следејќи го развојот, методите и современите пристапи во неонаталната и детската возраст во сите сфери повеќе од 22 години, со неговите публикации во интернационални списанија со импакт фактор, насл. доц. д-р Симеонов дал голем придонес во детската урологија, детската дигестивна и неонатална хирургија, педијатриската трауматологија, како и исклучително ретките прикази на случаи од стручната пракса.

Со својот професионален ангажман како специјалист по детска хирургија во времетраење од 22 години и со повеќе усни презентации на англиски и на македонски јазик, д-р Ристо Симеонов несомнено ги поседува потребните вештини на добар предавач и едукатор. Д-р Симеонов е препознатлив по резултатите од неговите истражувања кои се публикувани, така што тој се јавува како автор/коавтор на 29 научни апстракти презентирани на домашни и странски конгреси, автор/коавтор на 23 научни труда објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

Според анализата на приложената документација и во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот насловен доцент д-р Ристо Симеонов, доктор на науки во научната област хирургија ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен вонреден професор.

Од презентираната и целокупната досегашна активност може да се заклучи дека кандидатот доц. д-р Ристо Симеонов поседува извонредни квалитети и карактеристики за успешна реализација на образовната и научноистражувачката работа.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, со особена чест и задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатот насловен доцент д-р Ристо Симеонов да биде избран во звање насловен вонреден професор во наставно-научната област *хирургија (3.02.00.27)* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Илија Милев, претседател, с.р.
Проф. д-р Стефан Петровски, член, с.р.
Проф. д-р Гордана Божиновска-Беака, член, с.р.

**П Р И Л О Г**

**ТАБЕЛА ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА НАСЛ. ДОЦ. Д-Р РИСТО СИМЕОНОВ, СПОРЕД КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание:<br>- прв автор (бр.1)<br>- останати автори до пет (бр.4,6)<br>- останати автори над пет (бр.2,3,5) | | | 1<br>2<br>3 | 9<br>3<br>3x0,7 | 21,3 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 10 | 1,5 | | | 15 |
| | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **44,3** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **26.** | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | 3 |
| **27.** | Член на универзитетски/владини тела (бр. 21) | 1 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, ННС | | 2 | | | 2 |
| **29.** | Член на институтски орган, комисија (бр. 14, 15) | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 12 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **86,3** |